**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ШТИП**

**СЕКТОР / ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, ШТИП**

БР. 18-2403/2
од 28.07.2023 год.
Штип

Врз основа на член 62 став 10 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 36 од Статутот на Општина Штип, Градоначалникот на Општина Штип го дава следното:

# СООПШТЕНИЕ

**За организирање на јавен увид на изработен**

## УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА Г2– ЛЕСНА ПРЕРАБОТУВАЧКА И ПОМАЛКУ ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА НА ДЕЛ ОД КП 323/7 И ДЕЛ ОД КП 323/1, КО НОВО СЕЛО ШТИП, ОПШТИНА ШТИП

Изработката на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА Г2– ЛЕСНА ПРЕРАБОТУВАЧКА И ПОМАЛКУ ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА НА ДЕЛ ОД КП 323/7 И ДЕЛ ОД КП 323/1, КО НОВО СЕЛО ШТИП, ОПШТИНА ШТИП изнесува вкупно 6.87 ха.

Проектниот опфат кој е предмет на уредување со Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план е со намена Г2– ЛЕСНА ПРЕРАБОТУВАЧКА И ПОМАЛКУ ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА НА ДЕЛ ОД КП 323/7 И ДЕЛ ОД КП 323/1, КО НОВО СЕЛО ШТИП, ОПШТИНА ШТИП.

Проектна документација се изработува по прифатена Иницијатива за изработка на урбанистичката документација од страна Комисијата за урбанизам на Општина Штип.

Јавниот увид на Г2– ЛЕСНА ПРЕРАБОТУВАЧКА И ПОМАЛКУ ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА НА ДЕЛ ОД КП 323/7 И ДЕЛ ОД КП 323/1, КО НОВО СЕЛО ШТИП, ОПШТИНА ШТИП ќе се спроведе со објава на урбанистичкиот проект на официјалната web страна на Општина Штип: www.stip.gov.mk

Јавната анкета ќе трае 15 дена од денот на објавувањето на Соопштението, започнувајќи од 28.07.2023 год.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови

Изработил:
диа,Драгана Штерјова

По овластување од градоначалник на
Општина Штип
Лазар Хаџи Николов